**20131533621**

**АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 138 став (9) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ број 16/11, 136/11 и 79/13), Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Македонија на седницата одржана на ден 23.09.2013 година, донесе

# ТАРИФНИК ЗА МАКСИМАЛНАТА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА КОНТРОЛА

Член 1

Со овој тарифник се пропишува максималната висина на надоместокот за вршење на енергетска контрола (во понатамошниот текст: тарифник), која ја вршат трговец поединец или правно лице кое поседува лиценца за вршење на енергетска контрола.

Член 2

Максималната висина на надоместокот од член 1 на овој тарифник за вршење на општа енергетска контрола за 1 м2 бруто површина на зграда изнесува.....................30,00 денари.

Максималната висина на надоместокот од член 1 на овој тарифник за вршење на детална енергетска контрола за 1 м2 бруто површина на зграда изнесува.......50,00 денари.

Член 3

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на одобрение од Владата на Република Македонија.

Бр. 01-838/13
23 септември 2013 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Илија Андонов,** с.р.